РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 32 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014), а во врска со член 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и/или серии на броеви ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.12.2014 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0304-2694/3
10.12.2014 година

# ОДЛУКА

I

Се утврдува вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и/или серии на броеви за 2015 година, во износ од 1 евро во денарска противвредност пресметано по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 01.01.2015 година.

III

Оваа одлука е конечна .

## Образложение

Согласно член 29 став 3 и член 32 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014), а во врска со член 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и/или серии на броеви ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), вредноста на бодот за пресметка на надоместокот за користење на броеви и/или серии на броеви се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2015 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа и е изразена во евра во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година во чиј состав е и финансискиот план на Агенцијата за 2015 година е усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 01.12.2014 година, како што е предвидено во член 11 од Закоот за електронските комуникации (Службен весник на РМ број 39/2014).

Финансискиот план за 2015 година содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2015 година.

Според усвоената годишната програма односно финансискиот план за 2015 година вкупните планирани приходи по основ користење на броеви и/или серии на броеви изнесува 53.531.472 денари.

Вредноста на бодот е формирана врз основа на активните одобренија за користење на броеви и/или серии на броеви кои се планирани да се фактурираат во 2015 година, со што се планира да се реализираат планираните приходи по основ годишен надоместок за користење на броеви и/или серии на броеви.

Врз основа на горенаведеното, согласно на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 32 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014), а во врска со член 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и/или серии на броеви ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изработил: Дафина Пауновска

Проверил: Раководител на Одделение за правни работи
Вергим Шерифи

Одобрил: Раководител на Сектор за правни работи
Бојана Стефановска

Одобрил: Советник
Владимир Ристевски

**ДИРЕКТОР**

**Роберт Орданоски**